РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1500/7
30-07-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 37-ма седница одржана на ден 29.07.2026 година донесе:

# О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-1500/1 од 18.03.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1500/1 од 18.03.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, оформи предмет со број 08-1500/1 од 18.03.2026 година поради неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето ___________ по избор на функцијата член на Совет на Општина _____________.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека __________ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на изборот на функцијата член на Совет на Општина __________, не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1500/3 од 02.06.2026 година и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот. Истиот во рок од осум дена од денот на приемот на налогот го плати износот на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.
По плаќањето на глобата лицето нема доставено Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК, по што ДКСК ќе достави укажување до истото за исполнување на обврската согласно член 82 став 1 од ЗСКСИ.

Со превземање на горенаведените дејствија од страна на ДКСК нема елементи за понатамошно постапување, поради што одлучи како во диспозитивот.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: К.Б., соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М, раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: m-r S.D Член/Anëtar